OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на членот 38 став 1 точка 4 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на 28.5.2019 година, донесе

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за деловната 2018 година**

Член 1

Се усвојуваат Годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2018 година, и тоа:

1. Билансот на состојбата на ден 31.12.2018 година,
2. Билансот на успехот во периодот од 1.1 до 31.12.2018 година,
3. Финансиските извештаи за 2018 година.

Член 2

Во Билансот на состојбата на ден 31.12.2018 година се искажани следните билансни состојби:

- Актива 39.558.728.075 денари
- Пасива 39.558.728.075 денари

Член 3

Во Билансот на успехот во периодот од 1.1 до 31.12.2018 година се утврдени:

- Вкупни приходи 2.300.713.952 денари
- Вкупни расходи 1.673.346.024 денари
- Бруто-добивка 627.367.928 денари

Член 4

Остварената бруто-добивка од 627.367.928 денари се распоредува на следниот начин, и тоа:

- Данок на добивка 50.167.522 денари
- Нето-добивка 577.200.406 денари

Член 5

Образложението е составен дел на оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

**СО бр. ___________**
**28.5.2019 г.**
**Скопје**

**Собрание на Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

____________________

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Обврската за изготвување на Годишната сметка на Банката за 2018 година произлегува од одредбите од членовите 469, 476, 477 и 482 од Законот за трговските друштва, членот 102 од Законот за банките и од Правилникот за форма и содржина на годишната сметка за банки и други финансиски институции („Службен весник на РМ " бр. 84/14). Годишната сметка опфаќа изготвување:

– Биланс на состојбата,
– Биланс на успехот,
– Образец *ДЕ* – посебни податоци за системот на државната евиденција,
– СПД-Рекапитулар – структура на приходи по дејности,
– Годишен извештај за работењето,
– Даночен биланс.

Истовремено со наведените законски одредби е пропишана и обврската за изготвување финанасиски извештаи во согласност со МСФИ/МСЕ, што покрај Билансот на состојбата и Билансот на успехот, опфаќа и изготвување:

– Извештај за промените во капиталот,
– Извештај за паричните текови,
– Применети сметководствени политики,
– Други извештаи/прегледи и објаснувачки белешки што се од значење за работењето на Банката.

Годишната сметка и финансиските извештаи за 2018 година се изготвени врз основа на деловните книги, Правилникот за водење сметководство, Одлуката за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи и на Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финасиски институции.

Рокот за изготвување и доставување на годишната сметка во согласност со Законот за трговските друштва е крајот на февруари 2019 година, односно 15 март. Во согласност со ЗТД и со Правилникот за начинот на поднесување на годишната сметка во електронска форма („Службен весник на РМ" бр. 7/13), поднесувањето е задолжително во електронска форма потпишана со електронски потпис на сметководителот, односно на овластениот сметководител што ја составил завршната сметка или на законскиот застапник на Банката. Останува обврската на Банката во согласност со членот 476 од Законот, годишната сметка и финансиските извештаи да бидат потпишани од претседателот на Управниот одбор, односно од управителот.

## 1. БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА

Вкупната актива и пасива на Охридска банка АД Скопје на ден 31.12.2018 година изнесува 39.558.728.075 денари.

Според учеството на одделните категории што ја формираат вкупната актива, состојбите се следните:

| Актива | Износ во денари | % |
|---|---|---|
| Парични средства и парични еквиваленти | 7.157.197.974 | 18,09 % |
| Вложувања во должнички хартии од вредност | 2.870.576.886 | 7,26 % |
| Кредити на банки и побарувања од банки | 77.893 | 0,00 % |
| Кредити на комитенти и побарувања од други комитенти | 28.556.387.518 | 72,19 % |
| Вложувања во сопственички инструменти | 28.062.582 | 0,07 % |
| Материјални и нематеријални средства | 866.066.583 | 2,19 % |
| Други средства/побарувања | 80.358.639 | 0,20 % |
| **Вкупна актива** | **39.558.728.075** | **100,00 %** |

Структурното учество на поединечните категории од вкупната пасива е следното:

| Пасива | Износ во денари | % |
|---|---|---|
| Обврски кон банки | 2.545.878.028 | 6,44 % |
| Обврски кон други комитенти | 30.523.473.422 | 77,16 % |
| Други обврски | 129.032.270 | 0,33 % |
| Одложено плаќање трошоци и приходи во идните периоди | 161.957.749 | 0,41 % |
| Резервирања за ризици и за обврски | 103.739.473 | 0,26 % |
| Субординирани обврски | 1.803.271.268 | 4,56 % |
| Капитал и резерви | 3.714.175.459 | 9,39 % |
| Добивка во финансиската година | 577.200.406 | 1,46 % |
| **Вкупна пасива** | **39.558.728.075** | **100,00 %** |

## 2. БИЛАНС НА УСПЕХОТ

Вкупните приходи во Билансот на успехот на Банката за периодот од 1.1 до 31.12.2018 година утврдени според принципот на пресметана основа се остварени на ниво од 2.300.713.952 денари како резултат на квантитативните и на квалитативните динамики и структурни промени во одделни категории кои го формираат Билансот на состојбата.

Вкупните приходи на Банката, во согласност со смеководствените прописи, се формираат од редовните активности и учеството на одделните категории приходи во структурата на вкупните приходи е следното:

| Приходи | Износ во денари | % |
|---|---|---|
| Приходи од камата | 1.531.197.746 | 66,55 % |
| Приходи од провизии и од надоместоци | 494.191.725 | 21,48 % |
| Нето-добивка од курсни разлики | 136.028.529 | 5,91 % |
| Други приходи од дејноста | 139.295.952 | 6,05 % |
| **Вкупно приходи** | **2.300.713.952** | **100,00 %** |

Во деловната 2018 година се направени вкупни расходи во износ од 1.673.346.024 денари. Нив ги сочинуваат пресметаните трошоци и другите расходи кои во согласност со постојниот сметковен план и со билансните шеми за банките се групирани во следните групи:

| Расходи | Износ во денари | % |
|---|---|---|
| Расходи од камата | 360.332.035 | 21,53 % |
| Расходи за провизии и за надоместоци | 177.991.087 | 10,64 % |
| Трошоци за вработените | 332.598.005 | 19,88 % |
| Амортизација на средствата | 94.801.092 | 5,67 % |
| Исправка на вредноста, посебна резерва и резервирања | 383.484.144 | 22,92 % |
| Други расходи од дејноста | 324.139.661 | 19,37 % |
| **Вкупно расходи** | **1.673.346.024** | **100,00 %** |

Во износот на трошоците за вработените е пресметан износот од 40.753.135 денари за исплата на вработените и на членовите на органите на управување по основа на работна и деловна успешност, кои во согласност со МСС 19 точка 21 претставуваат трошок за периодот и тие не ја оптоваруваат добивката за распределба.

### 3. ФОРМИРАЊЕ НА ДОБИВКАТА

Утврдувањето и распоредувањето на добивката од работењето во деловната 2018 година Банката го изврши во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, МСФИ и на МСС, притоа почитувајќи ги правилата за составување на билансните шеми, односно на Билансот на успехот.

Во 2018 година Банката оствари бруто-добивка во износ од 627.367.928 денари. Даночната основа за пресметување на данокот на добивка изнесува 501.675.215 денари и се состои од износот на остварената бруто-добивка зголемена за износот на непризнатите расходи и намалена за износот на примените дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник и за износот на реинвестираната добивка за извршени инвестициски вложувања од добивката за развојни цели, односно за вложувања во материјални средства (опрема, информациски системи и компјутерска опрема, вложувања во експозитури и во друга опрема) и во нематеријални средства (софтвер) за проширување на дејноста на Банката и во согласност со даночните прописи, се оданочува со данок на добивка од 10 %.

Пресметаниот данок на добивка за тековната 2018 година изнесува 50.167.522 денари.

Нето-добивката – добивката по оданочувањето како разлика помеѓу бруто-добивката и пресметаниот данок на добивка, изнесува 577.200.406 денари и нејзиното распоредување се врши во согласност со актите на Банката.

Имајќи го во вид изнесеното, се предлага да се прифати Одлуката за усвојување на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2018 година со предложениот текст.